Уп. бр. 08-96

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д со седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, преку Адвокатско друштво Бона Фиде од Скопје, на седницата одржана на ден 02.07.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д со седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, има намера да стекне директна контрола над ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О со седиште на ул.Стантетова улица бр.27, 1295 Иванчна Горица, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**
2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д со седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија со која ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д ќе стекне директна контрола над ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О со седиште на ул.Стантетова улица бр.27, 1295 Иванчна Горица, Република Словенија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон

истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д,** делува на пазарот на алтернативни приватни инвестициски фондови.

ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски Фонд к.д е управувано и застапувано од страна на ПРВА ЦАП управување со инвестиции Д.О.О – претпријатие кое врши управување со алтернативни инвестициски фондови. Над ПРВА ЦАП Д.О.О управување со инвестиции д.о.о, директна контрола остварува ПРВА ФИНАНЦЕ Д.О.О, на кој начин наведените претпријатија претставуваат составен дел на ПРВА ЦАП Групацијата.

Во рамки на ПРВА ЦАП Групацијата, ПРВА ФИНАНЦЕ Д.О.О, има поврзани претпријатија во Северна Македонија и тоа:

- КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови А.Д Скопје, со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, Скопје, Центар, со претежна дејност на 66.3000 – Дејности на управување со фондови.
- Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, Скопје, Центар, со претежна дејност 65.110 – Осигурување на живот.

**ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О** делува на пазарот на производство на комплетна INOX опрема за кујна и барови, угостителска опрема, дизајн, метални производи и опрема. Истото нема поврзани друштва во Р.С.Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**